**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник РСМ бр. 150/07,100/11 и 42/20), објавува

# О Г Л А С
**за избор на**

I

Двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

II

Двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје

III

Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл.61, чл.62 и чл.63 од Законот за јавно обвинителство (Сл весник на РСМ број150/07,100/11 и 42/20), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

1. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку осум години во Вишото јавно обвинителство или во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години.
2. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Вишото јавно обвинителсво, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку шест години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години.
3. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку четири години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит, уверение за завршена обука од Академијата за судии и јавни обвинители во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на ул. ''Кеј Димитар Влахов"бр.4, V спрат во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-53/1
Скопје, 13.02.2024 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**